Архивски број: 08-45/1
09-01-2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-696/1 од 26.09.2025 година, поднесена од лицето ------------ и претставка бр. 08-712/1 од 02.10.2025 година, поднесена од ------------ споени со заклучок бр.08-696/2 од 14.10.2025 година, против ------------ за сторено вознемирување врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми од страна на ------------, ------------врз граѓани Роми.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 26.09.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка од страна на ------------, како и претставка бр.08-712/1 од 02.10.2025 година поднесена од -------------, во име на група Роми кои живеат на Вардариште, против ------------за сторено вознемирување врз основа на припадност на маргинализирана група и етничка припадност во областа на домување. Според наводите во поднесената претставка од ------------, на ден -----------година во емисијата „ На кавга со Иван„ лицето ------------, во неговото излагање, директно преку посочување на една група Роми кои живеат во Вардариште, етикетира и дискриминира цела етничка заедница при што ги посочува како главни виновници за загадувањето на воздухот. Според неговата изјава која подносителите ја доставуваат во прилог на претставката, група Роми од Вардариште палеле бакар за 500 или за 100 евра кој го продавале заради лична егзистенција. Второ, директно посочување и поистоветување на цела етничка заедница со мала група која направила законско прекршување за кое нема судска разрешница, според подносителите претставува повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација согласно член 9 од ЗСЗД. Повикување на насилно иселување на таа група Роми кои живеат на дивата депонија Вардариште, според подносителите на претставката е уште едно несовесно законско прекршување од висок функционер. Поради наведеното бараат Комисијата да донесе мислење со кое ќе се утврди дискриминација врз основа на етничка и национална припадност, како и

вознемирување, повикување и поттикнување врз дискриминаторски основи. Во претставката поднесена од ------------, исто така се наведува дека лицето ------------во подкастот „На кавга со Иван „ на ТВ Канал 5, отворено се залагал за насилно иселување на ромските семејства од населбата Вардариште, во контекст на пожарите при што на ваков начин ------------ја обвинил цела ромска заедница која живее во тој регион за предизвикување на пожари преку палење на кабли за извлекување на бакар, без да презентира конкретни докази и да разликува индивидуални случаи. Понатака во претставката наведуваат компаративни примери и правни основи за утврдување на дискриминација во националното и меѓународното право. Со оглед на наведеното бараат Комисијата да утврди институционална дискриминација и говор на омраза против ромската заедница од страна на ------------ како и да се преземат мерки за спречување на понатамошни повреди на правата на ромската задница како и нулта толеранција за говор на омраза од страна на јавни функционери.

Комисијата на 17.10.2025 година достави ------------Известување бр.08-696/3 за произнесување по наводи во претставка. Во доставениот одговорот, именуваниот наведува дека двете претставки се целосно неосновани и неиздржани бидејќи во ниту еден момент неговата намера не била да етикетира или да дискриминира било која етничка заедница. Тој наведува дека во разговорот, во посочената емисија во која тема биле пожарот и дивата депонија Вардариште го кажал следното *„Таму има еден специфичен случај кој овде ќе го кажам и пак ќе јадам ќотек во јавноста но ајде ќе го кажам. Во депонијата Вардариште има една ромска населба, живеат Роми, се оградувам, значи, не мислам на сите Роми, да не бидам обвинет за шовинизам, расизам, итн, но овие Роми кои живеат во депонијата се всушност тие кои палат кабли за да го извлечат бакарот но и друг вид на отпад од којшто ги вадат жиците, металот и итн. „* Понатака наведува дека видеото со неговата изјава кое се вртело по социјалните мрежи било скратено и извадено од контекст. Тој во неговата изјава јасно посочил дека неговата изјава се однесува исклучиво на Ромите кои живеат на депонијата Вардариште, за што се оградил и објаснил дека не мисли на сите Роми, но сепак напоменува дека во тој период пожарот во Вардариште предизвикал енормно загадување за што имало силна граѓанска реакција.

Од сето наведено, односно од наводите во претставката, произнесувањето по истата и доставените докази, Комисијата ја констатира следната фактичка состојба:

--------------, во неговото гостување во Канал 5 Телевизија, во емисијата „На кавга со Иван“ на ------------, посочил одредена група на Роми како причинители на пожарите во дивата депонија Вардариште, каде истите и живеат, при што повикал да се преземат мерки за нивно иселување бидејќи истите палат кабли и друг отпад со што предизвикуваат пожари кои го загадуваат воздухот. На ваков начин, без постоење на докази за конкретните активности, без утврдување на индивидуална вина, алудирајќи притоа на колективна одговорност, именуваниот предизвикал вознемирување бидејќи изјавил дека е потребно нивно иселување„ ако е потребно и на сила„ „по кратка постапка„, што како последица предизвикува повреда на достоинство на граѓаните и создавање понижувачка и заканувачка средина.

Согласно со горенаведеното, Комисијата утврди дека врз граѓани Роми е извршено вознемирување врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на ------------, онака како е опишано во член 10 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација, и тоа *„ Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“*

Со оглед на горното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (2) од Закон за спречување и заштита од дискриминација ја дава следната препорака:

- СЕ ПРЕПОРАЧУВА лицето ------------ иднина да се воздржува од употреба на термини кои предизвикуваат вознемирување на граѓаните по основ на етничка припадност, како и по било кој друг основ.

Доколку не се постапи согласно препораките, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Зекир Абдулов

Доставено до:

- -------------
- -------------
- -------------
- Архива на КСЗД